**Предлог за усогласување на Изборниот законик и Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

## I. Образложение на предлогот

Поради усогласување на Изборниот законик и Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во делот за електронските медиуми (интернет порталите), појавата на говор на омраза и лажни вести на електронските медиуми (интернет порталите) и нелојалната конкуренција од нивна страна во однос на радиодифузерите се предлагаат дополнувања на Предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги со воведување евиденција на електронските медиуми (интернет порталите) преку соодветен регистар кој ќе го води Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Доколку предложените измени не се прифатат и не се реализираат во Измените и дополнувањата на Законот за аудио и аудиовизулени медиумски услуги неопходно е да се корегира или избрише делот за електронските медиуми (интернет порталите) во Изборниот законик во постапка истовремено со донесување на измените и дополнувањата на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

## II. Предлози

1. Во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија” бр. 184/2013, 13/2014, 44/2014, 101/2014, 132/2014 и 132/17), во членот 3 Дефиниции се додава нова точка 28 која гласи:

“28. Електронските медиуми (интернет порталите) се уредувачки обликувани програмски содржини кои се објавуваат на интернет веб страни достапни за пошироката јавност без оглед на нивниот обем. Како електронските медиуми (интернет портали) не се сметаат електронските верзии на печат кој се издава, интернет блогови, форуми, социјални мрежи, пребарувачи и слично.“

2. Во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија” бр. 184/2013, 13/2014, 44/2014, 101/2014, 132/2014 и 132/17), по членот 59 Надоместок за обезбедување на аудиовизуелни медиумски услуги по барање се додава нов член 60 кој гласи:

“Член 60

Регистар на електронски медиуми (интернет портали)

(1) Правно или физичко лице може во Република Македонија да се основа и впише во централниот регистар како издавач на електронски медиум (интернет портал) доколку има седиште и уредништво во Република Македонија.

(2) Издавачот на електронскиот медиум (интернет порталот) пред да започне со работа доставува документација за евидентирање во регистарот на издавачи на електронски медиуми (интернет портали) што го води Агенцијата.

(3) Документацијата од ставот (2) на овој член треба да ги содржи следните податоци:

- фирмата и седиштето, односно назив и адреса на издавачот на електронскиот медиум (интернет портал);
- име и презиме на одговорното лице на издавачот на електронскиот медиум (интернет портал);
- името на електронскиот медиум (интернет портал);
- IP адресата на електронскиот медиум (интернет портал);
- веб страната на електронскиот медиум (интернет портал);
- име, презиме на одговорниот уредник;
- адреса на уредништвото или на одговорниот уредник; и
- податоци за сопственичката структура во согласност со овој Закон.

(4) Кон документацијата од ставот (2) од овој член се приложува извадок од Централниот регистар.

(5) Агенцијата ќе ја пропише потребната документација со подзаконски акт кој ќе го објави на веб страната на Агенцијата.

(6) Агенцијата, врз основа на документацијата го евидентира издавачот на електронскиот медиум (интернет портал) во регистарот на издавачи на интернет информативни портали. Агенцијата не смее да одбие да го евидентира издавачот на електронскиот медиум (интернет портал) во регистарот на издавачи на електронски медиуми (интернет портали), доколку документацијата ги содржи сите податоци од ставовите (3) и (4) од овој член.

(7) Агенцијата е должна впишувањето во регистарот од ставот (6) на овој член да го направи во рок од триесет (30) денови од денот на приемот на документацијата, доколку документацијата ги содржи сите податоци, или во истиот рок да го повика издавачот да ја дополни.

(8) Доколку Агенцијата не постапи согласно ставот (7) на овој член, се смета дека електронскиот медиум (интернет портал) е регистриран и може да започне со работа.

(9) Издавачот на електронскиот медиум (интернет портал) во Агенцијата ја пријавува секоја промена на податоците наведени во документацијата од ставот (2) на овој член во рок од 30 дена од денот на настанатата промена.

(10) Агенцијата го објавува регистарот од став (6) на овој член на својата веб страна.

(11) Агенцијата ќе го избрише издавачот на електронскиот медиум (интернет портал) од регистарот од став (6) на овој член, доколку:

- ја извести Агенцијата дека електронскиот медиум (интернет портал) престанува со работа;
- со правосилна судска одлука му е забрането вршење на дејност; и

- престанал да постои како правно лице.

(12) Формата и содржината на регистарот од ставот (6) на овој член ги утврдува Агенцијата со подзаконски акт.

(13) Издавачите на електронските медиуми (интернет портали) имаат уредничка одговорност да ги отфрлат говорот на омраза или промоцијата на дискриминација врз основа на раса, пол, религија, сексуална определба или националност.

3. Во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија” бр. 184/2013, 13/2014, 44/2014, 101/2014, 132/2014 и 132/17), по новиот член 60 Регистар на издавачи на електронскии медиуми (интернет портали) се додава нов член 61 кој гласи:

“Член 61

Надоместок за регистарот на електронски медиуми (интернет портали) и административен надзор

(1) Издавачите на електронски медиуми (интернет портали) плаќаат годишен надоместок за водење на регистарот на електронски медиуми (интернет портали) и административниот надзор.

(2) Годишниот надоместок од ставот (1) на овој член изнесува 0,5% од вкупниот годишен приход на издавачот на електронскиот медиум (интернет портал) во текот на претходната календарска година, но не помалку од 600 ЕВРА во денарска противвредност.

(3) Издавачите на електронски медиуми (интернет портали) се должни најдоцна до 15 март во тековната година до Агенцијата да достават извештај за износот на вкупниот приход од ставот (2) на овој член.

(4) Издавачите на електронски медиуми (интернет портали) се должни најдоцна до 15 април во тековната година на сметка на Агенцијата да го платат годишниот надоместок за водење на регистарот и административниот надзор врз основа на претходно доставениот извештај за износот на вкупниот приход од ставот (2) на овој член, а по претходно доставено решение и фактура од страна на Агенцијата.

(5) Доколку кај Агенцијата постои основано сомнение за вистинитоста на остварениот годишен вкупен приход, има право на трошок на издавачот на електронскиот медиум (интернет портал) да изврши процена на истиот од страна на надворешен независен ревизор.

(6) Доколку проценетиот вкупен приход отстапува од пријавениот вкупен приход, при наплата на годишниот надоместок од ставот (2) на овој член, Агенцијата ќе го задолжи издавачот на електронскиот медиум (интернет портал) да ја плати пресметаната разлика.“

4. Во член 148 став 1 се додава нова точки 29 која гласи :

“29) електронскиот медиум (интернет порталот) објавува содржини без да биде воведен во регистарот на електронски медиуми (интернет портали);“

5. Во Предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски во член 41 се додава нов став (6) кој гласи :

“(6) Постојните субјекти  кои издаваат електронски медиуми (интернет портали), се должни  во рок од шест месеци од денот на влегување во сила на овој закон до Агенцијата да достават документација за регистрација согласно овој закон.“